## РЕЧНИК - МАЛА ЛЕШОЧКА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА

Оваа книга е Енциклопедиски речник со над 3750 зборови (**зборооі**), кои се зборуваа и денес се зборуваат во Лешок (**Љешек**) и соседните села на Подгора на специфичен Лешочки говор, кој ние го нарекуваме **Љешечки гоор**. Од наведениот број, најбројни се именките со преку 2000 зборови, глаголи околу 400 и придавки над 300. Од вкупниот број именки запишав преку 536 зборови - имиња на: населени места над 48 зборови, топоними 166, родови и фамилии 93, цркви, слави, празници 143 и преку 86 зборови се имиња на лица, прекари и др. За повеќето зборови запишав текст, кон кој приложив фотографија или портрет.



*Лешок, 1919, Старо маало, куќите на браќата Атанас, Јасре и Спиро Онуфриевски, фото,Фредери Бонсона,*

Во книгата внесов и над 750 фотографии, скенирани материјали, портрети и др. од места, лица, настани и др. од Лешок и од тетовскиот крај, со цел да Ви ги доловам амбиентот, времето, лицата и настаните. Од овој број околу 400 фотографии, јас ги сликав, над 45 се стари фотографии, околу 200, Вие ми позајмивте и неколку преземав од електронските мрежи. Во Речникот направив и внесов над 250 портрети на лица од Лешок и Полог.
Текстот од книгата во ПДФ формат, може да го преземете од мојата Веб страна. **http://spiroski.com.mk/library/**

***Митко Поп Спироски - Лешочки***

*Лешок (**Љешек**), 25 Март 2024, Св. Кирил Лешочки*
**www.spiroski.com.mk** ; *E-mail:* spiroski@t.mk